ОПШТИНА
КАРБИНЦИ

# ВИСТИНСКИОТ ИЗБОР

ТВОЈОТ ЧОВЕК! ТВОЕТО МЕСТО! ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!

ВМРО-ДПМНЕ

# ВИСТИНСКИОТ ИЗБОР

ТВОЈОТ ЧОВЕК! - ТВОЕТО МЕСТО! - ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!

ВМРО-ДПМНЕ

## ОПШТИНА КАРБИНЦИ



Драги мои пријатели, соседи, сограѓани,

Секој од нас има своја приказна. Твојата почнува таму каде што чекориш секој ден – по твојата улица, низ твоето маало, во твојот град. Таму се случиле првите радости и првите таги. Таму си ги доживеал првите победи, но и првите порази. Таму си создал пријателства, семејство и спомени. Тоа е местото кое те изградило и кое те држи.

Знам дека не секогаш е лесно. И јас сум имал моменти на дилема – дали вреди? дали ќе успееме? Но секогаш, одговорот го наоѓам во луѓето што ги среќавам секој ден – во работникот што се бори чесно за лебот, во мајката што не се предава за своите деца, во младиот човек што сонува да остане тука, дома.

Оваа прва година како премиер беше година на тежина, но и на надеж. Знам дека чекате повеќе, и искрено ви велам – и јас сакам повеќе. Но најважно е дека патот е отворен. И дека веќе почнавме. Почнавме да ја враќаме довербата во државата и да ни се создава надежта дека иднината може да биде подобра.

Твоето маало, твојата општина, твојот град – тоа не се само зборови. Тоа е твојот дом. И за домот, се бори човек со сè што има.

Затоа овие избори не се само политика. Овие избори се твојата приказна. Тоа е избор за училиштето каде учат твоите деца или внуци. За паркот каде се среќаваш со пријателите. За болницата во која очекуваш грижа. За патот по кој одиш секое утро на работа. За тоа дали ќе продолжиме напред – или ќе дозволиме повторно да нè враќаат назад.

Знам што значи да имаш доверба. И знам што значи народното – „Имам свој човек“. Тоа е оној што ќе ти помогне, ќе заврши работа, ќе биде покрај тебе кога ти е најтешко. Тој човек е твојот градоначалник, кој со труд, посветеност и резултати докажа дека може да се потпреш на него. Тоа е твојот човек. За твоето место, за твојата иднина.

Затоа ти велам со искрена благодарност: -твојот глас е повеќе од политичка одлука. Тој е знак дека не се откажуваме, дека веруваме, дека сакаме подобро. Секој глас е порака – дека сакаме надеж, сакаме правда, сакаме иднина тука, дома.

Драги мои луѓе,

Не ветувам дека ќе биде лесно. Но ветувам дека ќе биде вистински. Со чесност, со работа и со истрајност. Ветувам дека нема да се откажеме!

Времето на Македонија допрва доаѓа. Тоа е времето во кое секој од нас ќе каже: -да, вредеше. Вредеше затоа што имав свој човек. Вредеше затоа што моето место продолжи да расте. Вредеше затоа што имам иднина тука, во мојата земја.

Ве повикувам, замолувам, како ваш сосед, пријател, сограѓанин, излезете на овие избори, со надеж, оптимизам и непоколеблива волја, и бидете силата на промените и иднината и направете го Вистинскиот избор!

Со Твојот човек.
За Твоето место.
За твојата иднина!

Со благодарност и надеж,
Христијан Мицкоски

Почитувани,

Во овие четири години мандат како градоначалник и целиот тим од советници, директори и соработници, покажавме дека можеме да ја промениме целосната слика на Општина Карбинци.

Јас Виктор Паунов пред сè како човек, родител но и со своето искуство во менаџирање и работа која покажала резултати, знам дека можеме да ја продолжиме успешната приказна за нашата Општина Карбинци.

Како градоначалник, мојата најголема обврска беше да ја оправдам довербата со чесно, транспарентно и ефикасно управување. Реализиравме бројни проекти, решававме предизвици и создававме видливи резултати. Промената во Карбинци е реалност која можат сите да ја почувствуваат во изминативе четири години.

Во иднина продолжуваме со уште посилен фокус на подобра инфраструктура, квалитетно образование, чиста животна средина и модерен развој. Нашата Општина Карбинци ќе продолжи по патот на промените, заеднички со Вас граѓаните наша обврска е да ја градиме и подобруваме сликата во нашето општество. Проектите се образот на нашата работа, подобриот социјален живот, начинот на комуникација и отчетност пред вас.

Во Карбинци ќе продолжиме со уредување, со нови улици, тротоари, велосипедски и пешачки патеки, урбани локации кои ќе го разубавуваат ликот на нашите населени места. Целосно посветени и кон комуналните потреби кои ги подобривме во значителен дел но нашата интенција ќе биде подобрување на сите услуги на Општината како и подобро функционирање на Комуналното претпријатие Плачковица.



Образованието е област која ја подобривме во многу сегменти. Новите училишта во селата Таринци и Радање говорат за нашата посветеност кон условите за посетување настава.

Мерките во образованието кои ги воведовме се важни за секој еден ученик. Зголемени финансиски средства за поддршка кон учениците и тоа за секое првоодделенче по 5000 денари, за секој средношколец во прва година по 5000 денари како и за секој новозапишан студент во државните универзитети исто така по 5000 денари поддршка од Општината. Бесплатни униформи за учениците во прво одделение добиваат секоја година.

Почитувани сограѓани, Ве уверувам дека Карбинци ќе продолжи да биде место кое сите ќе се гордееме, општина за пример, Општина која ќе продолжи со урбан развој и подобро место за сите нас.

Ви благодарам за довербата, продолжуваме напред да ја градиме иднината заедно!

Ваш,

Виктор Паунов

# КАНДИДАТИ ЗА СОВЕТНИЦИ

1. Елизабета Стојанова - Носител на листа
2. Киро Крстев
3. Усеин Осман
4. Милена Трајчова
5. Стефан Петровски
6. Николче Ѓоргиев
7. Ивана Милушова
8. Филип Митев
9. Моника Новакова



# ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ НА ОПШТИНАТА

1. **Изградба на пешачко-велосипедска патека од село Карбинци до село Таринци во должина од 1.8 км**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина и други извори на финансирање

2. **Урбанизација на типска населба со над 150 плацови за домување со бесплатни комуналии и проект за градба, населба насловена „Вршник“**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина и други извори на финансирање

3. **Изградба на нова спортска сала со нов простор за спорт, рекреација и одржување на разни натпревари**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина и други извори на финансирање



# МОДЕРНА ОПШТИНСКА ИНФРАСТРУКТУРА

## 1. Реконструкција на локален пат Карбинци – Радање

Ќе го реконструираме овој патен правец и тоа во должина од 4,5 км, со што ќе се подобри сообраќајната поврзаност и безбедноста на учесниците во сообраќајот.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина и други извори на финансирање

## 2. Реконструкција и изградба на локални улици

Ќе ги реконструираме или изградиме локалните улици во Карбинци, Таринци, Долни Балван, Аргулица, Радање, Крупиште, Црвулево со цел подобрување на инфраструктурата и условите за живеење.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина и други извори на финансирање

## 3. Изградба на велосипедско-пешачка патека Таринци - Карбинци

Со користење на средства од Општината ќе изградиме велосипедско-пешачка патека во делот Таринци - Карбинци во должина од 1,8км (I фаза), со цел да им овозможиме на жителите да имаат простор за рекреација и спортување.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина и други извори на финансирање

## 4. Изградба на велосипедско-пешачка патека Карбинци-Баргала

Со овој проект ќе изградиме патека во должина од 4,7км (II фаза), со што ќе овозможиме дополнително поврзување на туристички и рекреативни точки и промоција на локалниот туризам.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина и други извори на финансирање

## 5. Реконструкција на мост на Козјачка Река

Ќе го реконструираме мостот на Козјачка Река во с. Козјак, заради обнова и подобрување на моменталната состојба во која се наоѓа мостот.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина и други извори на финансирање

## 6. Реконструкција на главна улица во с. Радање

Ќе направиме реконструкција на главна улица вклучително и тротоарските површини во с. Радање, со цел да ја зголемиме безбедноста и удобноста на пешаците и возилата.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина и други извори на финансирање

## 7. Изградба на типска населба со над 150 плацови за домување со обезбедување на современи и организирани услови за домување и викенд престој на многу семејства.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина и други извори на финансирање

## 8. Урбанизирање на индустриска зона со намена Г2 лесна и незагадувачка индустрија со мали комерцијални објекти во Општина Карбинци за развој на локалната економија и создавање нови работни места.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина и други извори на финансирање

## 9. Изградба на тротоарски површини од општината до новиот мост во с. Карбинци, со цел подобрување на безбедноста и пристапот за пешаците и урбанизација на овој потег.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина и други извори на финансирање

## 10. Реконструкција на постоечки водоводни мрежи

Со овој проект ќе извршиме реконструкција на дотраените водоводни системи во селата Таринци, Карбинци, Аргулица, Долни Балван, Радање, Црвулево, Козјак и др. со цел обезбедување континуирана и квалитетна водоснабдителна услуга.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина и други извори на финансирање

## 11. Изградба на II фаза на регулирање на водоснабдителен систем Плачковица

Со реализација на оваа фаза од овој проект, ќе бидат опфатени населените места: Калузлија, Јонузлија, Кепекчелија, Парналија, и викенд населбата „Вртешка", каде што ќе се овозможи подобрување на водоснабдувањето.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина и други извори на финансирање

## 12. Изградба и одржување на земјоделски патишта со цел подобри услови за земјоделците и полесен транспорт на производите.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина и други извори на финансирање.

# ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ЕКОНОМСКИ СИЛНА ОПШТИНА

## 1. Формирање на Младински локален совет

Ќе овозможиме вклучување на младите во низа на активности за постигнување побрз развојот на општината во насока на потребите на новите генерации, преку слушање на нивните мислења, совети и потреби.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина и други извори на финансирање

## 2. Ослободување од комуналии за почеток на нови бизниси

Со овој проект ќе овозможиме за новите бизниси кои ќе бидат отворени во индустриска зона во Општина Карбинци да се намалат трошоците за отпочнување со работа. Со тоа ќе се засили локалната економија и ќе се отворат нови работни места со цел подобрување на животниот стандард на Општината.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина и други извори на финансирање.



# ИНВЕСТИРАМЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО И ВО МЛАДИТЕ ВО НАШАТА ОПШТИНА

## 1. ООУ „Страшо Пинџур“ - Реконструкција на спортска сала

Во спортската сала на ова училиште ќе го реконструираме подот, со цел да се овозможат подобрени услови за спорт на сите ученици и одржување на часови по физичка активност.

**Извор на финансирање:** Министерство за образование и наука.

## 2. Доградба на објект - градинка „Кокичиња”

Ќе го зголемиме капацитет за згрижување на 50 деца, со што вкупниот капацитет на згрижување ќе биде 100 деца.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина и Министерство за социјална политика, демографија и млади.

## 3. Реконструкција на подрачно училиште во с. Радање

Со овој проект ќе овозможиме подобри услови за настава и престој за децата од ова населено место.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина и Министерство за локална самоуправа.

## 4. Зголемување на паричен надоместок за ученици

Со овој проект ќе го зголемиме финансискиот надоместок од 5000 на 8000 денари за сите првачиња, новозапишани ученици во средно образование и за сите студенти запишани во прва година на државните универзитети.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина.

## 5. Воведување на целодневен престој во ООУ „Страшо Пинџур”

Со цел да се обезбеди поквалитетна настава, грижа и поддршка за учениците и нивните родители ќе воведеме целодневен престој во ова основно училиште.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина.

## 6. Реконструкција во подрачното училиште во с. Долни Балван

Со овој проект ќе извршиме реконструкција на кровот и дел од училишната зграда, со цел поголема безбедност и поквалитетни услови за настава на учениците и вработените.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина и други извори на финансирање.

## 7. Реконструкција на училишната зграда во с. Парналија

Со реализацијата на овој проект, ќе се создаде современа училишна средина со што ќе се подигне и условите и квалитетот на изведување на наставата.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина и други извори на финансирање.

## 8. Изградба на игралиштето во с.Таринци

Со овој проект ќе го изградиме и реконструираме игралиштето во подрачното училиште во с. Таринци, со цел да обезбедиме безбедна средина за спорт, рекреација и физичко воспитување на децата од ова населено место.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина и други извори на финансирање.



# ОПШТИНАТА ВО ДИГИТАЛНАТА ЕРА

## 1. Овозможување на бесплатен пристап до WiFi-мрежа на сите јавни површини на кои има зголемена фрекфенција на граѓани, овозможувајќи непречен интернет и зголемување на дигиталната поврзаност и пристап до информации.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина и други извори на финансирање.

## 2. Целосна дигитализација на услугите во ингеренции на Општината

Со овој проект ќе се поедностават административните процеси, и ќе се намалат времето и трошоци за граѓаните како и подобрување ја ефикасноста и транспарентноста на општинските услуги.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина и други извори на финансирање

## 3. Електронска наплата на данок

Со реализација на овој проект ќе овозможиме брзо и сигурно плаќање на даночните обврски како и намалување на хартиена документација.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина и други извори на финансирање.

# РАЗВОЈ НА СПОРТОТ ЗА ОПШТИНА СО ЗДРАВИ НАВИКИ

### 1. Изградба на спортска сала

Во текот на мандатот ќе изградиме нова спортска сала со која ќе се добие простор за спорт, рекреација и одржување на разни натпревари.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина и други извори на финансирање.

### 2. Изградба на трибини на постоечките мултифункционални игралишта, со цел подобри услови за гледачите и поттикнување на спортскиот дух.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина.

### 3. Финансиска поддршка за функционирањето на ОФК „Карбинци“ за развој на фудбалскиот дух кај младите.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина и други извори на финансирање.

### 4. Поддршка за функционирањето на боречките клубови „Киро Ристов” и „Карбинци” со што ќе се поттикне ангажираноста на младите во спортот.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина и други извори на финансирање.

### 5. Поддршка за организација на турнири по повод празниците во Карбинци, Таринци, Долни Балван и Радање за збогатување на културно-спортските активности и зајакнување на заедницата.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина и други извори на финансирање.



# ЗЕЛЕНА, ЧИСТА И ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНА ОПШТИНА

1. **Изградба и одржување на јавни површини со нови зеленила во селата: Карбинци, Таринци, Радање, Долни Балван, Крупиште, Аргулица, Нов Караорман, Козјак , со што ќе се подобри квалитетот на животната средина и урбаното уредување.**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина и други извори на финансирање.

2. **Инсталација на садови за селекција на отпад, со цел подигање на свеста кај граѓаните за правилно управување со отпадот.**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина и други извори на финансирање.

3. **Доусовршување на јавното осветлување со модерни лед светилки и светилки на сончева енергија за зголемена безбедност и енергетска ефикасност.**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина и други извори на финансирање.

4. **Дозиградба на речното корито на Козјачка Река во с. Карбинци со што ќе се овозможи заштита од поплави и подобра регулација на течението на оваа река.**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина и Биро за регионален развој.

5. **Осветлување на кејот на Козјачка Река за создавање на пријатен простор за прошетка и рекреација.**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина и Министерство за транспорт.

# ПОДДРШКА И ПРОМОЦИЈА НА ЛОКАЛНИОТ ТУРИЗАМ

1. **Имплементација на проектот „Едукативно-рекреативен центар" кај локалитетот Баргала во кој ќе бидат вклучени:**

- Амфитеатар,
- детско игралиште,
- регулирање на Козјачка Река,
- паркинг простор,
- повеќенаменско игралиште.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина и други извори на финансирање.

2. **Промоција на локалитетот Баргала со отворање на сувенирница, воведување на туристички водич и промотивен материјал со цел зголемување на туристичката посетеност и афирмација на културното наследство.**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина и други извори на финансирање.

3. **Искористување на потенцијалот и убавините на планината Плачковица преку организирање на настани за планинарење, планински велосипедски патеки и промоција на Вештачката Карпа со што ќе се поттикне развој за активен локален туризам и локалната економија.**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина и други извори на финансирање.

# ПОДДРШКА НА КУЛТУРНИТЕ НАСТАНИ ВО ОПШТИНАТА

1. **Организација и поддршка преку празнување на патрон празниците во населените места: Карбинци, Таринци, Долни Балван и Аргулица преку организирање на културни и музички манифестации, со цел зачувување на традицијата и зајакнување на заедницата.**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина и други извори на финансирање.

2. **Организирање на активности по повод новогодишните и божиќните празници како што се: Новогодишен базар, Куќичка со Дедо Мраз за најмалите, Бадникови поворки и Празнична програма за сите граѓани, со што ќе се создаде празнична атмосфера и радост за најмладите, но и зближување на народот.**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина и други извори на финансирање.



# ФУНКЦИОНАЛЕН СИСТЕМ ЗА СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

1. **Воведување на мобилна амбуланта за потребите на граѓаните со цел подобрување на здравствената достапност и олеснување на пристапот до услуги.**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина и други извори на финансирање.

2. **Отворање на подрачна канцеларија за единицата од Министерството за социјална политика, демографија и млади за приближување на институциите до жителите и подобрување на социјалните услуги.**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина и други извори на финансирање.

3. **Бесплатен престој во градинка за деца од социјално ранливи категории за поддршка на семејствата и обезбедување еднакви можности за најмладите.**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина и други извори на финансирање.

# ПРЕДЛОЗИ И ИДЕИ ОД ГРАЃАНИТЕ ЗА ОПШТИНАТА

1. **Изградба на капела, по барање на граѓаните и за потребите на населените места со чувство и почит кон традицијата.**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина и други извори на финансирање.

2. **Изградба на пешачки и велосипедски патеки, за подобрување на мобилноста и условите за рекреација.**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина и други извори на финансирање.

3. **Отворање на просторија за пензионерски клуб, со обезбедување простор за социјализација и активен живот на повозрасните лица.**

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина и други извори на финансирање.

4. **Реконструкција на канали за водоснабдување за земјоделските потреби, за подобрување на продуктивноста и ефикасноста во земјоделството**

**Извор на финансирање:** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство и други извори на финансирање.

ВМРО-ДПМНЕ